Врз основа на член 16, член 31 и член 42 од Законот за здруженија на граѓани и фондации (Службен весник на РМ,бр. 52/10 и 135/2011), како и врз основа на Статутот на Здружението, основачкото Собрание на Меѓународното Здружението на граѓани КУЛТУРНО ЕХО, со седиште на ул. Московска бр. 17А/2-36, Карпош, 1000 Скопје, на ден 14 Март 2021 година ја донесе следната:

**ПРОГРАМА ЗА РАБОТА**

**МАРТ-ДЕКЕМВРИ 2021**

КУЛТУРНО ЕХО

КУЛТУРНО ЕХО со седиште на ул. Московска бр. 17А 2/36, 1000 Скопје, е невладина, непартиска и непрофитна организација, и е основана за да делува во насока на целосно остварување на правата, слободите и интересите на сите граѓани на Република Македонија, согласно Уставот и законите на Република Македонија.

Сите програмски активности и проекти ќе бидат насочени кон остварување на следниве цели, пропишани со Статутот на здружението и позитивните законски прописи кои ја регулираат материјата на работа на Здружението. Фокусот на оваа програма повторно ќе се задржи на напуштените објекти за кои организацијата има покренато повеќе граѓански иницијативи кои се во тек и реализирани активности, односно:

- Индустриски комплекс „Купрум" - Општина Ѓорче Петров
- Спортска сала „Наум Наумовски - Борче" позната како „Сала Партизан" - Општина Карпош
- „Културен Дом 11 Октомври" - Општина Гази Баба
- Објекот на „Месна Заедница - Тафталиџе" - Општина Карпош

Приоритетни активности во првите три месеци се следење на повици на кои организацијата може да се фокусира во согласност со своите цели .

Сите цели и активности на Здружението се реализираат на доброволна основа.

**ЈАНУАРИ-МАРТ**

- Дефинирање на приоритетите на Здружението, одржување на редовни состаноци помеѓу члeновoвите на организацијата кои активно се вклучени во реализација на предвидетни и тековни проекти.
- Фокус на реализирање на соработка со нови партнерски организации како што е организацијата „Праведни и професионални" и "3.14 Брокули" со кои делиме заеднички цели и интереси и идеи за нови проекти.
- Преглед на отворени повици за апликации за грантови
- SWOT Анализа за досегашните активности на Здружението
- Планирање на годишните активности на Здружението
- Одржување на состанок и годишно собрание со членовите на здружението за одбележување на три години од основањето на Здружението „Културно Ехо" , дефинирање развојна програма и стратегија и реструктурирање на членството и управниот одбор .
- Отпочнување на истражување за минатото и сегашноста на Сала Партизан кое ќе послужи за пишување на публикација како продолжување на иницијативата за ревитализација на салата започната во 2019 со Општина Карпош, и Спортските Ветерани а во надлежност на АМС. Барање начини за финансирање на истата.
- Во втората половина на март се прави финализирање на документите од евиденцијата за работата на Културно Ехо : Стратегија, програма и активности за 2021 и истите транспарентно преку нашиот IT тим се објавуваат на нашата веб страна.

**АПРИЛ**

- Годината ја започнуваме со реализација на активностите поврзани со добиената финансиска помош во износ од 48.000,00 ден од Министерство за култура за годишните конкурси за проекти од национален интерес во културата од областа на Визуелните уметности , архитектурата и дизајнот за 2021 година. Добиена е финансиска поддршка за проектот : „Kuprum , Minierë e (sub) kulturës | Kuprum ,

Mine of (sub)culture " – Превод и реиздавање на публикацијата „ Купрум , рудник на (суб)култура" од авторите Културно Ехо и Сити Скоп од македонски на албански и англиски јазик . Проектот е продолжение на веќе започнатиот и реализиран проект „Од напуштена фабрика до студентски град" на здруженијата Културно Ехо и Сити Скоп од Скопје, финансиран со грант од страна на Агенција за млади и спорт на Република Северна Македонија и поддржан од страна на Општина Ѓорче Петров со потпишување на меморандум за соработка. Проектот ќе се реализира и во месец мај и јуни.

-Одржување на редовни состаноци помеѓу члeновoвите на организацијата кои активно се вклучени во реализација на предвидетни и тековни проекти.

-Комуникација со Општина Карпош и Спортски ветерани во однос на сала Партизан и актуелизирање на иницијативата.

- Формирање работна група која ќе се фокусира на одбирање на повици за грантови за аплицирање.

-Се подготвува Иницијатива за пренамена на градежната парцела на која се наоѓа поранешниот индустриски објект Купрум (заедно со Општина Ѓорче Петров и Ситископ-Скопје) која ќе биде поднесена до Град Скопје и Агенција за планирање на просторот.

**МАЈ**

- Одржување на редовни состаноци помеѓу члeновoвите на организацијата кои активно се вклучени во реализација на предвидетни и тековни проекти.
- Во месец мај ќе се подготвува презентација за иницијативата за Купром и планиран е состанок во Владата на Република Северна Македонија , каде што ќе се образложи проектот за пренамена на индустрискиот комплекс Купрум во студентски град и потребата за изработка на физибилити студија и нејзино финансирање.

  Исто така овој месец е планиран за работа на проектот кој доби финансиска поддршка од Министерство за култура , наведен погоре.

- Апликацијата на Културно ехо за организирање на Town Hall Discussions е прифатена и членови на нашиот тим ќе организираат една од овие дискусии, финансирани од страна на Национален младински совет на Македонија.
- Доколку Културно Ехо ја добие финансиската поддршка од Агенција за млади и спорт од повикот за поддршка на Здруженија и организации ќе се фокусира кон реализација на проектот: „Современ спортски објект за кој сонуваме " кој има за цел да ја реактуелизира иницијативата за отпочнување на ревитализација на сала Партизан.

  -Членови од нашиот тим се во комуникација со Моника Димовска, магистер по архитектура која својот магистерски труд го има работено за „Културен Дом 11 Октомври" Ченто, планирана е средба на која ќе се дискутира за можна соработка.

  -Во фокус на овој месец е и одбирање на повик кој ќе биде соодветен за пишување на заеднички проект со организацијата 3,14 Брокули.

**ЈУНИ-ЈУЛИ**

- Одржување на редовни состаноци помеѓу члененовите на организацијата кои активно се вклучени во реализација на предвидетни и тековни проекти.
- Реализирање на една дискусија во склоп на Town Hall Discussions на НМСМ.
- Следење на процесот за ревитализација на спортската сала „Партизан" . Доколку се финансира проектот „Современ спортски објект за кој сонуваме " , фокусот ќе биде насочен кон спроведување на планирани активности.
- Следење на општествено-политичките промени во државата во сферата на урбанизам, архитектура, култура, младински политики и екологија. Организацијата внимателно ќе го следи развојот на урбанистичките планови во Скопје, како: Мал Ринг, Парцелата на напуштената месна заедница во Општина Карпош, Парцелата на напуштениот културен дом 11 Октомври во Општина Гази Баба и др. Соодветна реакција, доколку новите урбанистички планови не се според принципот на одржливост, хуманизација на просторот и се во спротивност на јавниот интерес,

преку: пополнување на анкетни листови во Општините, Герила Акции, Изработка на кратки видеа, Анкети со локалното население и др.

- Реализирање на вторaта фаза од проектот со наслов: „Kuprum , Minierë e (sub) kulturës | Kuprum , Mine of (sub)culture “ – Превод и реиздавање на публикацијата „ Купрум , рудник на (суб)култура“ од авторите Културно Ехо и Сити Скоп од македонски на албански и англиски јазик . Активностите кои ќе бидат реализирани во текот на месецот се:

1.Превод од македонски на англиски и албански јазик и лектура на публикацијата

2.Изработување на графички концепт, пишување и категоризација на публикацијата

3.Дигитална презентација

**АВГУСТ**

- Одржување на редовни состаноци помеѓу členовите на организацијата кои активно се вклучени во реализација на предвидетни и тековни проекти.
- Финализирање на проектот со наслов: „Kuprum , Minierë e (sub) kulturës | Kuprum , Mine of (sub)culture “ – Превод и реиздавање на публикацијата „ Купрум , рудник на (суб)култура“ од авторите Културно Ехо и Сити Скоп од македонски на албански и англиски јазик и издавање на преведената публикација. Подготовка на потребната документација за проектот која се доставува до Министерство за култура.

- Следење на процесот за ревитализација на спортската сала „Партизан“ во Општина Карпош. Доколку Културно Ехо ја добие финансиската поддршка ќе се фокусира кон реализација на проектот: „Современ спортски објект за кој сонуваме “.
- Продолжување со работа и активности поврзани со иницијативата и истражување за напуштениот културен дом познат како: „Месна заедница Тафталиџе“ во Општина Карпош.

**СЕПТЕМВРИ**

- Одржување на редовни состаноци помеѓу активните членови на организацијата.
- Следење на целокупниот процес за ревитализација на спортската сала „Партизан“. Доколку Културно Ехо ја добие финансиската поддршка ќе се фокусира кон реализација на проектот: „Современ спортски објект за кој сонуваме “.
- Подготовка на еднодневен настан за месната заедница Тафталиџе заедно со неколку здруженија на граѓани и локални уметници (Ситископ, Префрт, 3.14 Брокули и други).

**ОКТОМВРИ-ДЕКЕМВРИ**

- Одржување на редовни состаноци помеѓу членовите на организацијата кои активно се вклучени во реализација на предвидетни и тековни проекти.
- Следење на целокупниот процес за ревитализација на спортската сала „Партизан“.
- Тимот на Културно Ехо реализира средба со тимот од Здружението на граѓани „Праведни и професионални“ – Скопје на која се дискутираше за активностите на двете здруженија кои преку различен пристап му приоѓаат на проблемот со напуштените објекти на територија на државата . Тимот на „Праведни и професионални“ ни го претстави својот публикуван проект за напуштениот државен имот за кој тимот на Културно Ехо доби идеја за спроведување на дополнителни активности поврзани токму со истата тема која ја обработува „Праведни и професионални“ и предложи проект за „ **Дигитализација и визуелна презентација на евиденцијата на државниот недвижен имот** “. Во овој период фокусот е на наоѓање на начини и финансии за реализирање на проектот.
- Следење на повици за грантови и можности за продлабочена соработка на проекти со досегачни и идни партнери и соработници.

Меѓународно Здружение на Граѓани Културно Ехо – Скопје 15.03.2021

Претседател

Симона Димковска